Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр 0302-88/1
07.04 2026 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак
Рок на чување

Сања Јов. Дами 15.04.26

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката СКОПЈЕ

| Примено: 14-04-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 2118/1 | | |

**До: Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации,бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс ++ 389 2 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Сабина Факиќ, бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс ++389 2 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер за постапката за јавна набавка на градежни работи за изградба на објект Дел од ДУП 8 урбана заедница Блок 8.2 Г.П 7.11 во Охрид бр. 14542/2025:

- Одлука за јавна набавка;
- Пресметките и начинот како е утврдена проценетата вредност на јавната набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда-Финансиска понуда);
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Извештај од спроведената е-аукција;
- Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба; и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на административна проверка и сите документи поврзани со административна проверка.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 07.04.2026 година** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-2118/5 | | 22-04-2026 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-2118/1 од 14.04.2026 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-2118/1 од 14.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на информации поврзани со постапка за јавна набавка на градежни работи за изградба на објект Дел од ДУП 8 урбана заедница Блок 8.2.Г.П.7.11.во Охрид бр.14542/2025

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со Вашето барање наш арх.бр. 03-2118/1 од 14.04.2026 година за пристап до информација од јавен карактер, а се однесува на информации поврзани со постапка за јавна набавка на градежни работи за изградба на објект Дел од ДУП 8 урбана заедница Блок 8.2.Г.П.7.11.во Охрид бр.14542/2025
согласно информациите добиени од Одделението за јавни набавки и Секторот за градба и уредување на градежно земјиште Ви го доставуваме следниот одговор:

**Пресметки и начин како е утврдена проценетата вредност на јавната набавка:**

Со изработката на проектната документација за објектот Дел од ДУП 8 урбана заедница Блок 8.2 ГП 7.11 во Охрид од страна на Инграа ДООЕЛ Скопје беше доставена и предмер пресметка со проектантски цени каде што проценетата вредност за изградба на објектот изнесува 235.605.875 денари без ДДВ.

Според долгогодишното искуство од склучени Договори за изградба на станбени објекти, имајќи ги в предвид движењата на цените на материјалите на пазарот во конкретниот период, беше усвоена цена од 700е/м2 за нето корисна продажна површина.

Нето корисна продажна површина на објектот:
- Станбена површина: 3.826,0 м2
- Подруми: 853,0 м2

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

Вкупно: 3.826,0 + 50% x 853,0 = 4.252,2 м2 нето корисна продажна површина

4.252,2м2 x 700евра/м2 = 2.976.540,0 евра
2.976.540,0 евра x 61.5=183.057.210,00 денари

Вкупна проценета вредност на набавката изнесува 183.057.333,0 денари без ддв која што е внесена во Планот за јавни набавки за 2025 година во Глава III Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи под реден број 5, донесен од страна на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје под број 02-626/2 од 30.01.2025 година.

Во прилог ви ги доставувам и следните информации:

Извештај спроведена постапка 14542 /2025 градежни работи Охрид 7.11
Одлука за ЈН Градежни работи Охрид 7.11
Одлука за поништување 14542/2025 Градежни работи ГП 7.11 Охрид
Записник отварање понуди Отворена постапка 14542/2025 Градежни работи Охрид 7.11.
Записник АП00118
Образец на понуда AK INVEST
Образец на понуда IBO POD
Финансиска понуда AK INVEST
Финансиска понуда ИБО ПОД

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
Сања Јовановиќ Дамјановска